Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 12 март 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:35 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Оливера Нечовска и Светлана Кузмановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на мининстерот за правда, д-р Илир Асани, заменик на министерот за здравство, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања

На седницата учествуваше и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членот на Владата доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за унапредување на процесот на фискална децентрализација

2. Информација за постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река и Извештај од спроведена евалуацијата на пристигнатите пријави за учество во Фаза 1 –претквалификација, со Извештај од евалуацијата на пристигнатите пријави за учество во претквалификација во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелективни централи на Црна Река

3. Информација во врска со потребата од склучување на меморандуми за соработка со цел реализација на проектите Терминал на течен природен гас Александропулос и Гасна централа Александропулос, со текст на меморандуми

4. Информација за доставување на ИПА III Стратешкиот одговор и акциските документи за 2021 година до Европска комисија

5. Информација за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика кој ќе се одржи на 23 март 2021 година

6. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање и адаптација на објектот на адреса „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia", доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ

7. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за статичка санација, реконструкција и надградба на објектот во Будимпешта на адреса: ул. Балогвар бр. 9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потребите на Амбасада од неговото купување во 2007 година

8. Предлог на протокол за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети, на општинско, регионално и државно ниво во основното образование, во услови на пандемија и Предлог на протокол за

организирање и реализирање на натпревари во средните училишта во услови на пандемија од КОВИД-19

9. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10,164/13,149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија

10.Кадровски прашања

11. Прашања и предлози

12.Предлог-одлука за изменување на Одлуката за видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа

13.Информација за формирање на Работна група за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетите Арапски Емирати

14.Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за унапредување на процесот на фискална децентрализација, за наредната седница на Владата поради потребата истата претходно да биде разгледана на Работната група за продолжување на процесот на децентрализација.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река и Извештај од спроведена евалуацијата на пристигнатите пријави за учество во Фаза 1 –претквалификација, со Извештај од евалуацијата на пристигнатите пријави за учество во претквалификација во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелективни централи на Црна Река и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река во рок од (7) седум дена да ги информира

сите потенцијални понудувачи со Извештај од спроведената евалуацијата на пристигнатите пријави за учество во Фаза 1 -претквалификација.

2. Се задолжува Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река со правниот советник што ќе биде избран да ја подготви тендерската документација.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да исплати паричен надомест на активните членови и заменици членови на Комисијата во износ од по три просечни плати на Република Северна Македонија за секоја фаза од тендерската постапка, по доставување на извештајот, за секоја завршена фаза до Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од склучување на меморандуми за соработка со цел реализација на проектите Терминал на течен природен гас Александропулос и Гасна централа Александропулос, со текст на меморандуми и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се согласува со содржината на предложените меморандуми за соработка и тоа: Меморандум за соработка помеѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и г-ѓа Асимина Елени Копелозу, Меморандум за соработка помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. за закуп на капацитет во ЛНГ Терминалот и Меморандум за соработка помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и ДАМКО ЕНЕРЏИ С.А. за стекнување на 25% удел во Александрополис електрисити продукшн С.А.

2. Се укажува на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост да пристапи кон процесот на одобрување и усвојување на предложениот Меморандум за соработка, кој треба да биде склучен помеѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и г-ѓа Асимина Елени Копелозу, од страна на органите на управување на Друштвото, а согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

3. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да пристапи кон процесот на одобрување и усвојување на предложените меморандуми за соработка, кои треба да бидат склучени помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. за закуп на капацитет во ЛНГ

Терминалот и помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и ДАМКО ЕНЕРЦИ С.А. за стекнување на 25% удел во Александрополис електрисити продукшн С.А од страна на органите на управување на друштвото, а согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

4. Се укажува на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје за наведените активности да ја информираат Владата.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на ИПА III Стратешкиот одговор и акциските документи за 2021 година до Европска комисија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како институции координатори на акциските документи за 2021 година,  за координација за навремено планирање на финансиските средства за национално кофинансирање во наредните три години од националниот буџет, почнувајќи со буџетот од 2022 година.

2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како институции координатори на акциските документи за 2021 година, планираните буџетски средства за национално ко-финансирање да го координираат со останатите институции корисници на акциските документи и за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, најдоцна до 15 април 2021 година.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, да ги достави финалните верзии на ИПА III Стратешкиот одговор и акциските документи за Годишната акциска програма за 2021 година, до Европската комисија.

Истовремено, во однос на отворените прашања расправани на седницата на Владата,  согласно изнесените предлози, Владата констатира и заклучи:

1) Во однос на Стратешки одговор на ниво на тематски приоритет за Прозорец III. Зелена агенда и оддржлива поврзаност, Тематски приоритет 2. Транспорт

дигитална економија и општество и енергетика со предложени таргети до 2027 година, од понудените две сценарија од проекциите од Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година да се прифати и во стратешкиот одговор да се вметнат индикаторите и таргетите за Зеленото сценарио.

2) Во однос на Подготовка на техничка документација за патна и железничка инфраструктура, како нови делници (проекти), наместо претходно поднесените Прилеп-Битола и Тетово-Гостивар да се остане на предложените проекти:

- Техничка помош за подготовка на проектна документација на ниво на урбанистички проект, основен проект и тендерска документација за изградба на експресен пат А2, делница Романовце – Страцин, L = 32km; и

- Техничка помош за подготовка на проектна документација на ниво на урбанистички проект, основен проект и тендерска документација за изградба на експресен пат А4, делница Струмица – Граничен премин Ново Село, L = 30km.

3) Во однос на националното кофинансирање кое треба да се обезбеди за реализација на Акцискиот документ ЕУ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ВКЛУЧУВАЈЌИ И АНТИКОРУПЦИЈА во Активност 1: Подобрена дигитализација на државните институции во судството и антикорупцијата, со износ од 1 милион евра, а за потребите на Министерството за правда, Државна комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Уставниот суд на Република Северна Македонија, секоја институција посебно во својот буџет да предвиди средства за кофинансирање и самостојно да го реализира проектот во рамки на своите институционални капацитети, а Министерството за правда да ги координира активностите поврзани со ова прашање, за што треба да го извести Секретаријатот за европски прашања.

4) Во однос на изградбата на пречистителни станици во Штип, Велес и колекторски систем во Виница да се зголеми националното кофинансирање за овие инвестиции од 26 милиони евра до 36,5 милиони евра, кои да ги планира Министерството за финансии.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика кој ќе се одржи на 23 март 2021 година и притоа заклучи:

1.Условно ја усвои Информацијата за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика кој ќе се одржи на 23 март 2021 година, со насока доколку има забелешки од институциите кои сеуште немаат доставено мислења, истите да се прифатат и дополнат во Информацијата.

2.Се определува д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација за ко-претседавач со Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 16 март 2021 година.

4. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во соработка со Секретаријатот за европски прашања веднаш да ја достави листата на учесници до Европската комисија.

<u>**Точка 6**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање и адаптација на објектот на адреса „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia“, доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Врз основа на усно изнесеното позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за реновирање и адаптација на објектот во Бразилија на адреса „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia“ добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и тоа:

- 2021 година – 3.100.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година и

- 2022 година – 18.300.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветните фискални години во буџетот на Министерството за надворешни работи.

<u>**Точка 7**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за

надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за статичка санација, реконструкција и надградба на објектот во Будимпешта на адреса: ул. Балогвар бр. 9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потребите на Амбасада од неговото купување во 2007 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Врз основа на усно изнесеното позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за статичка санација, реконструкција и надградба на објектот во Будимпешта на адреса: ул. Балогвар бр. 9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потреби на Амбасада од неговото купување во 2007 година и тоа:

- 2021 година – 12.000.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година,

- 2022 година – 16.550.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година,

- 2023 година – 41.250.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2023 година и

- 2024 година – 19.800.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветните фискални години во буџетот на Министерството за надворешни работи.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ги разгледа и ги прифати Протоколот за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети, на општинско, регионално и државно ниво во основното образование, во услови на пандемија и Протоколот за организирање и реализирање на натпревари во средните училишта во услови на пандемија од КОВИД-19, имајќи го предвид позитивното Мислење од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство со кое истите се усвоени.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 9**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10,164/13,149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување помеѓу Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства.

**Точка 10**

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација, да ги избере:

-проф. д-р Весна Гершан природно-математички науки;
- проф. д-р Ндерим Зеќири техничко-технолошки науки;
- проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева медицински науки и здравство;
- проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа земјоделски и ветеринарни науки;
- проф. д-р Фатон Шабани општествени науки и
- проф. д-р Јусуф Зекири хуманистички науки.

2. Владата за членови на Одборот за акредитација на високото образование, ги именува:

- проф. д-р Блерим Саити и
- проф. д-р Атанас Кочов.

3. Владата од должноста членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ – Скопје, ги разреши:

- Ана Каровска,
- Никола Савовски и
- Беким Ламалари.

3.1. Владата за членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ – Скопје, ги именува:

- Татјана Трајковска,
- Беким Љамалари и
- Антонио Павловски.

4. Владата го именува Јусуф Шаини за вршител на должноста заменик на директорот на Воспитно поправна установа Воспитно-поправен дом Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши м-р Блерим Саити од должноста член на Националната комисија за учебници претставник од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот.

6. Владата го одложи предлогот за именување на член на Одборот за евалуација на високото образование.

**Точка 11**

1. Владата заклучи, Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од Педесет и првата седница, одржана на 9 март 2021 година, Точка 1 од Дневниот ред, под реден број 14, да се измени и да гласи:

„14. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди соодветен објект (хотел), со цел користење на истиот во функција на „државен карантин“ за сместување на лица странски државјани кои патувале во земја од Африканскиот континент или ќе се утврди дека се позитивни на КОВИД-19.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 3 март 2021 година до 9 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, што е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под бр. 44-1092/1 од 4 февруари 2020 година.

4. По повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, а во врска со заклучокот од 45-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 16 февруари 2021 година Донесен по Информацијата за административниот капацитет на во врска со ИПА структурата во институциите акредитирани за индиректно управување со средства од ИПА Владата заклучи Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда,

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД) најдоцна до 16 март 2021 година до Министерството за финансии да достават Барање за согласност за вработување во кое експлицитно ќе стои дека се однесува за вработување за ИПА структурата на институциите.

5. Владата заклучи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии, а по потреба со вклучување и на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да одржат работен состанок во врска со редовната исплата на субвенциите во земјоделството.

6. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата за потребата од одржување на тематска седница на Владата која би се одржала кон крајот на наредната недела на тема цена на електрична енергија, како последица од КОВИД кризата, на која да присуствуваат и директорот на АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, директорот на АД Електрани на Северна Македонија и претседателот на Регулаторна омисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, како и советници од оваа област.

7. Владата заклучи:

1) Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за образование и наука, да се измени и дополни и тоа:

- Предлогот на закон за учебници за основно и средно образование, кој треба да се достави во владина постапка до март 2021 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до април 2021 година.

- Предлогот на закон за средно образование кој треба да се достави во владина постапка до април 2021 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до декември 2021 година.

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за високо – образовни установи за образование на наставен кадар во предучилишно, основно и средно образование кој треба да се достави во владина постапка до април 2021 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до декември 2021 година.

- се дополнува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта кој да се достави во владина постапка до април 2021 година.

2) Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за култура, да се измени и дополни и тоа:

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, кој треба да се достави во владина постапка до март 2021 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 31 мај 2021 година.

- Предлогот на закон за заштита на културното наследство, кој треба да се достави во владина постапка до мај 2021 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 31 декември 2021 година.

3) Изменетата и дополнета Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

4) Согласно овие заклучоци соодветно да се измени и дополни и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Работна група за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Обединетите Арапски Емирати и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 20 март 2021 година, до Министерството за надворешни работи да доставаат номинации за член и заменик член од нивните институции кои ќе учествуваат во Работната група и ќе придонесат во детектирањето, планирањето и разгледувањето на сите можности за соработка и инвестиции меѓу Република Северна Македонија и Обединетите Арапски Емирати.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев